Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), а во врска со Правилникот за систематизација на работни места во Општина Берово бр. 01 - 1017/1 од 29.12.2015 година, 01-1117/2 од 13.04.2016 година, 01-1566/2 од 15.06.2016 година, број 01-2593/4 од 19.12.2016 година, 01-617/1 од 22.03.2017 година, 01-389/1 од 30.01.2018 година, 01 – 1868/1 од 01.06.2018 година, 01 – 2757/1 од 27.08.2018 година, 01 – 2157/1 од 21.06.2019 година, 01 – 2772/1 од 06.08.2019 година, 01 – 3421/1 од 25.09.2019 година, 01 – 2003/1 од 23.06.2020 година,01 – 137/1 од 13.01.2021 година, 01 – 1869/1 од 20.05.2021 година, 01 – 574/1 од 09.02.2022 година и бр. 01-3925/1 од 17.10.2023 година, Јавен оглас за вработување 229/2024 по Барање за објавување на јавен оглас за вработување со наш архивски број 04-2642/1 од 16.08.2024 година,а согласно Предлог за вработување на кандидати со наш архивски број 04-2642/14 од 30.10.2024 година, Градоначалникот на Општина Берово донесе:

**ОДЛУКА**
**за НЕ избор на кандидат по јавен оглас за вработување**
**на административни службеници број 229/2024**

(1) НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидат за вработување за работното место **Самостоен референт комунален редар,** звање: Самостоен референт, шифра: УПР0101Г01000 во Одделение за инспекциски работи – Инспекторат по објавениот Јавен Оглас 229/2024, објавен на ден 03.09.2024 година во дневните весници Слободен Печат, Нова Македонија и Коха.

(2) Не вршењето на избор на кандидат за вработување за погоренаведеното работно место се врши согласно Предлог кандидати за вработување од Комисијата за селекција за вработување каде е наведено дека нема кандидат кој се квалификува за вработување.

(3) Оваа Одлука ќе биде објавена на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

(4) Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Агенцијата за администрација по барање на Општина Берово во дневните весници Слободен Печат, Нова Македонија и Коха објави Јавен оглас број 229/2024 за вработување на еден административен службеник во Општина Берово на работното место под реден број 3) Самостоен референт комунален редар, звање: Самостоен референт, шифра: УПР0101Г01000 во Одделение за инспекциски работи – Инспекторат – 1 извршител.

Комисијата за селекција за вработување на ден 18.09.2024 година спроведе административна селекција за административен службеник (Записник 10-1251/6 од 18.09.2024 година) со наш бр. 04-2642/5 од 18.09.2024 година, на ден 28.10.2024 година спроведе испит за административен службеник (Записник 10-1251/11 од

28.10.2024 година) со наш бр. 04-2642/12 од 28.10.2024 година, и на ден 30.10.2024 година се спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник (Записник 10-1251/12 од 30.10.2024 година) со наш бр. 04-2642/13 од 30.10.2024 година.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата, Комисијата за селекција за вработување изготви конечна ранг листа и предлог на кандидати за вработување бр.10-1251/13 од 30.10.2024 година, примено во архива на Општина Берово на 30.10.2024 година со наш бр. 04-2642/14 од 30.10.2024 година, кој во законскиот рок е доставен до Градоначалникот на Општина Берово за избор на кандидати.

Согласно член 45 од Законот за административни службеници(„Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014........ 11/2018 и бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021,99/2022 и 208/2024), Градоначалникот на Општина Берово по разгледување на доставената конечна ранг листа и Предлог кандидати за вработување одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на нејзиното објавување на веб – страницата и на огласната табла на Агеницијата за администрација.

*Изготвила: Емилија Ваканска*

**Број 04 – 3544/1**
**31.10.2024 година**
**Берово**

**Општина Берово**
**Градоначалник**
**Звонко Пекевски**

**Доставено до:**
- изберениот кандидат
-Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива на Општина Берово
- Агенција за администрација